# УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

## ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА
НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА
КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ ОД
2007-2012

Скопје, 2012

**С О Д Р Ж И Н А**

1. ВОВЕД ..................................................................................................... 3

2. МИСИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ................................................................... 3

3.НАСТАВНО-НАУЧЕН, СОРАБОТНИЧКИ И
АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР ................................................................ 4
3.1. Наставно-научен и соработнички кадар ............................................ 4
3.2. За Центарот за физичко образование ................................................ 5
3.3. Административен кадар ....................................................................... 7

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ..................................................... 8
4.1. Додипломски студии ............................................................................ 8
4.1.1. Карактеристики на студиските програми ........................................ 8
4.1.2. Структура на студиските програми ................................................. 11
4.1.2.1. Студиска програма за предметна настава по физичко
образование или Прв циклус академски студии за
физичко и здравствено образование .................................................... 11
4.1.2.2. Студиска програма за спорт или
I циклус стручни студии за спортски тренери ..........................................
12
4.1.2.3. Студиска програма за више образование за спорт ...................... 13
4.2. Постдипломски студии........................................................................ 14
4.3. Докторски студии ................................................................................. 15

5. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ ....................... 15
5.1. Библиотека ............................................................................................ 17
5.2. Центар за физичко образование ........................................................ 17
5.3. Логистика .............................................................................................. 17

6. СТУДЕНТИ ................................................................................................ 18
6.1. Додипломски студии ............................................................................ 18
6.1.1. Студентска анкета ............................................................................. 19
6.1.1.1. Информираност ............................................................................... 19
6.1.1.2. Присуство на настава и работа во тек на семестарот ................ 19
6.1.1.3. Мислење на студентите за предметите
од студиските програми од втора година ............................................... 19
6.1.1.4. Потребно време за учење ............................................................... 20
6.1.1.5. Литература ......................................................................................... 21
6.1.1.6. Мислење за наставниците ............................................................... 22
6.1.1.7. Мислење за асистентите ................................................................. 23
6.1.1.8. Колоквиуми/тестови .......................................................................... 25
6.1.1.9. Завршен испит ................................................................................... 25
6.1.1.10. Мобилност на студентите ............................................................... 27
6.2. Постдипломски студии (магистерски и специјалистички) ................ 27
6.4. Надворешна соработка ........................................................................ 28
6.5. Научно-истражувачка дејност .............................................................. 28

7. ФИНАНСИИ ................................................................................................ 29

8. ЗАКЛУЧОЦИ .............................................................................................. 30

## 1. ВОВЕД

Овој извештај содржи внатрешна самоевалуација, односно оценување на работата на Факулетотот за физичка култура, наставно-научниот и стручниот кадар и неговите студиски програми за периодот по 2007 година, кога е усвоен последниот Извешај за самоевалуација.

Во самоевалуацијата учествуваше комисија која со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот број 0201-289/16 е формирана на 14.04.2011 година. Комисијата ја сочинуваа: ред. проф. д-р Даниела Шукова Стојмановска - претседател, ред. проф. д-р Ленче Алексовска Величковска - член, ред. проф. Роберт Христовски д-р - член, ред. проф. д-р Војо Настевски - член, ред. проф. д-р Орце Митевски - член, студент Румен Амповски - член и студент Филип Масевски - член.

За потребите на самоевалуацијата се земени предвид согледувањата на наставниците, соработниците, стручниот кадар и другите вработени на Факултетот. Освен тоа беше спроведена и анкета на студентите, за да се утврди и нивното мислење во врска со спроведувањето на наставата, видот на наставните содржини и начинот на нивното презентирање, односот на наставниците и соработниците кон студентите, начинот на спроведување на испитите и колоквиумите и формирањето на оценката.

Комисијата се состана повеќе пати, а се со цел да се направи Извештај кој ќе ја отслика вистинската состојба.

## 2. МИСИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

Главната мисија на Факултетот е создавање на здрава популација на деца и млади кои наместо да застрануваат по несаканите патишта (наркоманија, пушење, алкохолизам), ќе ги насочиме кон физичката активност и спортот. За да може тоа да се оствари, потребно е Факултетот да образува кадри кои ќе бидат стручни и кои со личен пример ќе можат да им покажат дека физичката активност и спортот навистина значат здравје, подобар квалитет на животот во секоја возраст, но и помалку болести (не само на оние кои се поврзани со неактивност (дебелина, деформитети и заболувања на рбетниот столб и стапалата), туку и намалување на симптомите на некои други хронични болести (шеќерна болест, хипертензија, ревматски заболувања, остеопороза и др). За да ја оствари оваа мисија, факултетот треба да ја спроведува наставата на постоечките додипломски (прв степен) студии во двете насоки - физичко и здравствено образование и стручни студии за спортски тренери по различни спортски дисциплини, постдипломски и докторски студии по кинезиологија.

Друга мисија на Факултетот е да се бори за отварање и на нови насоки на Факултетот, како: кинезитерапија, рекреација, спортски менаџмент, спортско право, спортско новинарство, физичко и здравствено образование за предучилишна и одделенска настава, здравје итн., а со цел подетално да се насочи кон обучувањето на кадри кои ќе бидат оспособени да работат во секоја област одделно. Така ќе се овозможи стручните кадри кои ги создава Факултетот да почнат да работат со децата уште од најрана возраст, бидејќи тие можат да придонесат во правилниот развој на децата од најраната возраст, па се до најстарата популација. Притоа, откако децата ќе ги стекнат тие здрави навики, сигурно е дека ќе ги спроведуваат и применуваат до крајот на животот.

Трета мисија на Факултетот е да почне да се спроведува законот за спорт, со кој е предвидено во спортот да може да работат само кадри кои ги создава Факулетот и кои се единствено стручни за работа во оваа област. Во нашата држава има преку 2000 спортски клубови, во кои работат необразовани и нестручни лица, а со тоа можат многу повеќе да наштетат, отколку да им помогнат на децата, младите и возрасните категории во спортот, но и во рекреацијата.

Четврта мисија е воспоставување соработка со останатите сродни факултети во соседството, но и во Европа, преку учество во заеднични проекти и размена на студенти и наставно-научен кадар. На тој начин би се овозможило не само, приближување на наставните програми, туку и обука на наставниците во однос на методите и начините на спроведување на наставата и испитите. Освен тоа, така би се овозможило и зедничко учество на истражувачки проекти, со кои може да се споредуваат резултатите, но и да се утврдат насоките за во иднина.

## 3.НАСТАВНО-НАУЧЕН, СОРАБОТНИЧКИ И АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР

### 3.1. Наставно-научен и соработнички кадар

На Факултетот за физичка култура во Скопје се вработени вкупно 29 лица, од кои наставно-научниот кадар го сочинуваат 23 наставнички и 6 соработнички кадри. Притоа од нив 17 се редовни професори, 6 вонредни професори, 1 асистент со докторат, 5 асистенти и 1 помлад асистент. Освен тоа на Факултетот имаме и наставно-научен кадар (четири наставници), од други факултети. На Факултетот има само 4 наставници и 2 асистенти од женски пол.

Старосната структура на наставниот кадар на Факултетот е таква да има еден професор кој од почетокот на оваа учебна година е во пензија, а вториот професор, пак е во пензија од јануари. Но на предметите кои тие ги предаваат има соработници, кои ќе можат во наредниот период да ги превземат обврските околу истите. Сепак, нема

асистенти на сите предмети и заради тоа се влошени показателите за бројот на соработници на еден наставник. Истите би требало да се околу еден, што би значело дека секој наставник има соработник. На Универзитетот овој показател се движи од 1,5 до 4 (исклучок е медицинскиот факултет каде изнесува 0,5). На ФФК тој е приближно 4. Ова значи дека состојбата на нашиот Факултет е идентична со повеќе факултети на целиот Универзитет. Кај нас, асистетните се ангажирани само на еден предмет и не учествуваат во наставата (практична или теоретска) на други предмети. Заради тоа, се јавува зголемена оптеретеност на наставниците кои немаат соработници, бидејќи самите треба да ги држат часовите и на теоретската и на практичната настава и да ја водат целокупната евиденција за присуство на часовите, за следење на активноста на студентите за време на наставата, за активностите околу избор на тема за семинарска и нејзина изработка и евиденција околу полагањето на колквиумите и испитите. Ако се земе предвид дека тие предаваат и по два предмети, тогаш може да се заклучи дека нивната оптовареност е многу голема. Според Правилникот за нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност, наставниците би требало да имаат 8 часа неделно, а соработниците 14, и тој критериум во однос на наставата, на Факултетот се применува.

Освен тоа, наставниците и соработниците не се ангажирани само околу наставата, туку и во научно-истражувачката работа (учество на конгреси, симпозиуми, проекти). Заради тоа мораме да истакнеме дека би требало да се коригира оваа рестриктивна политика за вработување на млади кадри на Универзитетот но Факултетот и во наредниот период да се овозможи вработување на соработници на сите предмети. Во меѓувреме би можеле соработниците да "помагаат" и околу други сродни предмети, што е пракса на повеќе факултети.

Со одлука на Наставно-научниот совет број 0201-380/6 од 12.05.2011 година, се донесе одлука во комисиите за дипломски работи да можат да учествуваат и соработниците на предметот од чија област е дипломската. Со тоа се овозможи нивно поинтензивно вклучување и во истражувачката работа и во стручните аспекти на секој предмет.

И воведувањето на ЕКТС на Факултетот, бара дополнителна ангажираност на наставниот и соработничкиот кадар. Но бавното обновување и стареењето на наставниот кадар, а намалувањето и необновувањето на соработничкиот кадар, може да претставува проблем во квалитетна имплементација на ЕКТС во иднина, но и во постдипломските и докторските студии, како и во научноистражувачката работа.

### 3.2. За Центарот за физичко образование

Во составот на Факултетот од 1992 година е и Центарот за физичко образование, каде работат: 1 професор на висока школа, 10 виши

предавачи и 1 предавач. Тој реализира настава по физичко образование и спортски активности за студентите на сите факултети на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", освен на студентите на Факултетот за физичка култура. И покрај тоа што на повеќе факултети ваква настава е предвидена во сите студиски години, сепак, најчесто истата се изведува само во прва година. Проблем претставува тоа што оваа настава се изведува во изнајмени спортски објекти, па за истата мора да се плати. За жал, факултетите не ја плаќаат оваа настава, а Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", односно Ректоратот, можеби треба да се заложат повеќе за да ги принудат одделните факултети да си ја платат наставата за нивните студенти.

Во последните години дури на некои факултети се случуваше оваа настава воопшто да не се изведува, а студентите на матичните факултети да добиваат потпис за истата од нивните наставници, наместо од наставниците од Центарот за физичко образование. Најверојатно причина за оваа состојба е тоа што, оваа настава секој факултет треба да ја плаќа. Сакајќи да го избегнат тоа, им земале на своите студенти помала сума на пари (која останувала на нивните факултети) и им давале потпис.

Се надеваме дека во иднина, Универитетот ќе се заложи оваа состојба да не се повторува и ќе се заложи секој факултет да си ја плаќа наставата по физичко образование и спорт, бидејќи во изминатите години се случуваше Факултетот за физичка култура (бидејќи Центарот за физичко образование не е правен субјект) да е истовремено и давател на услугата (настава по физичко образование и спорт) и оној кој плаќа за студентите од целиот Универзитет да ја имаат наставата која им е предвидена со наставните програми. Токму заради тоа во изминатите осум години, Факултетот, плаќајќи ја наставата по физичко образование и спорт, а која ја изведува Центарот, се соочуваше со големи финансиски проблеми. Затоа мора уште еднаш да се потенцира дека Универзитетот со своите членки, а преку надлежните институции, мора да изнајде решение за покривање на финансиските обврски за успешно реализирање на наставата по физичко образование и спорт.

Токму поради ваквата тешка финансиска состојба на Факултетот, причинета од наставата на Центарот, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот број 0201-1220 од 3.12.2008 година, беше покрената иницијатива за раздружување со Центарот за физичко образование. За жал, таа не се реализира. Во Законот за високо образование (Службен весник 35/08) не беше предвидено постоењето на Центарот, туку Универзитетски спортски центар. Во 2010 година Центарот за физичко образование беше вклучен во Правилникот на Факултетот, каде се посочени нивните права и обврски, но само до изнаоѓање на трајно решение. Имено, немајќи просторни и материјални услови за превземање на Центарот во рамките на Факултетот, во Правилникот е предвидено истите да ги обезбеди Министерството за образование. Притоа, за изнаоѓање на дефинитивно решение, треба да помогне и Ректоратот и

Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Постојат две можности, првата е Центарот за физичко образование да се трансформира во Универзитетски спортски центар, а втората е секој факултет да превземе по еден наставник од овој Центар, кој ќе ја изведува наставата по физичко образование и спорт за тој факултет. Двете можности се добри, со оглед на тоа што државата веќе ги плаќа тие работни места, па само би се направила прераспределба.

Во овој момент наставниците од Центарот немаат сопствени простории за вршење на својата основна дејност, туку привремено се сместени и обавуваат настава на Машинскиот факултет во Скопје.

### 3.3. Административен кадар

Административниот кадар на Факултетот го сочинуваат стручен и административно-технички кадар. Од нив 4 се со високо образование, 1 е со вишо, 9 со средно и 2 со основно образование. Од нив 11 се платени работни места од државата, а 5 ги плаќаме од сопствени средства.

Во врска со ова мора да се истакне дека во последниве години, на Факултетот практично нема нови работни места од овој кадар. Ова е навистина проблем, имајќи предвид дека некои работни места треба да се плаќаат од сопствени средства. Така на пример, претходно и на Факултетот и во Центарот имало вработено по еден дипломиран правник (значи вкупно два), кои биле плаќани од државата и без кои Факултетот не може да функционира, меѓу другото и поради тоа што законски се регулирани надлежностите и обврските на секретарот, како и начинот на негово бирање. И покрај тоа што веќе со години едниот е во пензија, а другиот е починат, не се одвојуваат средства за правникот (сега само еден) кој во моментот работи и го плаќаме од сопствени средства. Се надеваме дека државата ќе го реши овој проблем и во иднина ќе ни го финансира ова работно место.

Освен тоа, постои проблем и со техничкиот персонал, бидејќи и покрај тоа што последните години заминаа во пензија 2 чистачки, нивните упразнети места дравата не ги финансира, па и нив мора да ги плаќаме од сопствени средства. Потребата од овие работни места е нагласена и заради специфичностите на наставата на Факултетот за физичка култура, која се изведува и во училиница, но и во салите.

# 4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## 4.1. Додипломски студии

### 4.1.1. Карактеристики на студиските програми

На Факултетот за физичка култура, има две студиски програми на додипломските студии, кои се во одредена мерка компатибилни со сродните факултети во нашето соседство (Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора и Бугарија). Едната насока е физичко образование, односно I циклус академски студии за физичко и здравствено образование, а втората е спорт, односно стручни студии за спортски тренери. Првата обучува идни професори по физичко воспитание, а втората - дипломирани тренери по одредена спортска дисциплина.

За насоката I циклус академски студии за физичко и здравствено образование Факултетот има акредитација од неговото формирање во 1977 до денес. Истата е реформирана 1988, 2000 и 2010 и се реализира врз основа на Решение за акредитација на измени и дополнувања на студиски програми на I циклус универзитетски студии на студиската програма по физичко и здравствено образование на Факултетот за физичка култура при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", број 12-116/4 од 22.10.2010 и Решение за почеток со работа број 13-1570/1 од 8.03.2011 год. на студиската програма од I циклус универзитетски студии на студиската програма по физичко и здравствено образование на Факултетот за физичка култура при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Од 2009/2010 година овие студии се реализираат со нова студиска и нови предметни програми (едносеместрални), во согласност со ЕКТС системот. Во тек е и последната модификација на оваа програма според барањата на Универзитетот, а кое се однесува на тоа секој студент да може да слуша предмети и од други факултети (до 10% од вкупниот фонт на часови). За оваа последна модификација има одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура број 0201-73/11 од 1.02.2012 год. за усвојување на предлог проект за измени и дополнувања на четиригодишните универзитетски студии по физичко и здравствено образование на ФФК. За истата е добиена согласност од Ректорската управа и Сенатот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", а потоа ќе се достави и до Одборот за акредитација, но се очекува добивање на истата, поради тоа што измените во однос на претходната (акредитираната) студиска програма се минимални и се однесуваат само на усогласувањата кои ги бара УКИМ. На оваа насока се обучуваат професори по физичко и здравствено образование. Наставата на оваа насока се реализира во 8 семестри.

Од 2001/2002 година на Факултетот се реализира и втората насока - за спорт, односно I циклус стручни студии за спортски тренери. За неа постои решение за акредитација на студиската програма од I циклус на стручни студии за спортски тренери на Факултетот за физичка култура при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" со број 12-75/3, кое е добиено на 20.12.2011. Решението за почеток со работа на студиската програма од I циклус на стручни студии за спортски тренери на Факултетот за физичка култура при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" е со број 13-848/1 од 1.02.2012 год. Во тек е и последната модификација на оваа програма според барањата на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", а кое се однесува на тоа секој студент да може да слуша предмети и од други факултети (до 10% од вкупниот фонт на часови). За оваа последна модификација има одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура број 0201-73/12 од 1.02.2012 год. за усвојување на предлог проект за измени и дополнувања на студиската програма од I циклус за тригодишни стручни студии за спортски тренери. За истата е добиена согласност од Ректорската управа и Сенатот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", а потоа ќе се достави и до Одборот за акредитација, но се очекува добивање на истата, поради тоа што измените во однос на претходната (акредитираната) студиска програма се минимални и се однесуваат само на усогласувањата кои ги бара УКИМ. Притоа мора да се истакне несебичното залагање на новиот Деканат во исполнување на сите критериуми и извршување на сите корекции на постоечката студиска програма за добивање на оваа акредитација.

На оваа насока се оспособуваат дипломирани тренери по одредена спортска дисциплина. Во врска со овие кадри кои се оспособуваат на Факултетот, потребно е да почне да се применува Законот за спорт, според кој за сите тренери кои работат во некој спорт, потребно е да имаат соодветно образование. Наставата на оваа насока се реализира во 6 семестри.

Освен постоечките програми, на Факултетот веќе се изработени програми за додипломски студии за физичко образование во предучилишна и одделенска настава. Факултетот има намера во најблиска иднина да побара акредитација и за нив.

Во 1998 година на Факултетот започна со оспособување на тренери по одредена спортска дисциплина, но со више образование (студиски програми со 4 семестри). Оваа програма постоеше само до 2000 година, кога законски престанаа да постојат вишите школи.

За студиските програми за кинезитерапија во физичката култура и рекреација постои Согласност од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј и од надлежниот ресор за образование, уште од 1988 година, но тие сеуште не

почнале да се реализираат. Можеби треба да се поднесе барање до одборот за акредитација и за нив.

На Факултетот се применува принципот на интердисциплинарност во студиските програми. Така, на Факултетот предаваат вкупно четири наставници од други факултети, и тоа 2 од медицинскиот, 1 од Педагогија и 1 од Факултетот за општонародна одбрана. Но, впечаток е дека на некои факултети и покрај тоа што во наставните програми имаат сродни и слични предмети со нашиот Факултет, нашите наставници не се повикуваат таму да предаваат, односно не постои реципроцитет. Можеби станува збор за неинформираност, но сепак оваа состојба треба во иднина да се промени. Освен тоа, и покрај тоа што во наставните програми на сите факултети беше постигнат консензус за вклучување на предметот спорт и спортски активности, тоа не е случај на некои факултети и таа настава на некои факултети воопшто не се изведува, а студентите добиваат потпис од наставниците на матичниот факултет, а не од нашите наставници. Оваа практика во иднина треба да биде надмината, бидејќи наставата мора да ја реализираат стручни лица.

Притоа, финансирањето на наставниците кои предаваат кај нас, а се од други факултети, оди од сметката на Факултетот, а се пресметува по формула. За жал, и за ова нема реципроцитет. Некои факултети од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" плаќаат за наставата по спорт и спортски активности, но сепак не по истата формула и истиот принцип како што ни се наплатуваат нам тие услуги. Со тоа сметаме дека ФФК е ставен во нерамноправна позиција. Се надеваме дека во блиска иднина оваа неправилност ќе се корегира и истиот принцип ќе се применува на сите факултети од Универизтетот.

Web страната на Факултетот за физичка култура постои повеќе години, но не беше дополнувана со нови информации. Од оваа учебна година, новиот Деканат инсистираше таа да профункционира. Така, сега таа е целосно редизајнирана и навистина секојдневно се дополнува со сите нови информации кои им се потребни на студентите.

Мораме да напоменеме дека оваа година Ректорот одвои одредени финансиски средства за да се формираат Универзитетски спортски лиги во кошарка, ракомет, фудбал и одбојка, во кои ќе учествуваат сите факултети, а што претставува вистинска промоција на спортот. Притоа, натпреварите ќе се играат во новата сала на Факултетот за физичка култура. Со оглед на тоа што целокупната организација на овие лиги ќе му биде препуштена на Факултетот за физичка култура, се надеваме дека ќе ја оправдаме довербата.

### 4.1.2. Структура на студиските програми

Оваа година (2012) Факултетот за физичка култура изработи Правилник за студирање за I циклус на студии и Водич за студирање, кои се во завршна фаза и во блиска иднина ќе бидат ставени во функција. Во овие документи се регулирани правата, обврските и можностите на студентите кои студираат на двете насоки на Факултетот за физичка култура.

#### 4.1.2.1. Студиска програма за предметна настава по физичко образование или Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование

На Факултетот за физичка култура, на насоката - I циклус академски студии за физичко и здравствено образование, во моментов постојат две генерации на студенти. Генерацијата на студенти кои се запишани 2004/2005 година и кои сега се на трета и четврта година студии, и генерацијата запишана во 2009/2010 година, а кои во учебната 2010/2011 се прва и втора година.

Табела 1. Насока - Прв циклус академски студии за физичко и здравствено образование

| генерација запишана во | студиска година | задолжителни предмети | изборни предмети | факултативни предмети |
|---|---|---|---|---|
| 2009/2010 год. | 1 | 7 | 3 | / |
| | 2 | 7 | 2 | / |
| 2004/2005 год. | 3 | 12 | 2 | 2 |
| | 4 | 12 | 2 | 2 |
| вкупно предмети | | 38 | 9 | 4 |

Од прикажаната табела може да се види дека на Факултетот за физичка култура, во оваа насока има вкупно 47 предмети во сите 4 години и во 2 програми - стара со двосеместрални испити и нова - со едносеместрални испити. Ако се земе бројот на предмети по новата програма (прва и втора година) ќе се види дека има 14 задолжителни (или 50%) и 5 изборни (или 25%). Последното осовременување на наставните програми се случи 2009/2010 година, од кога сите предмети се едносеместрални, секако во согласност со ЕКТС. Притоа се водеше сметка за оптовареноста на студентите со предметните содржини (оптовареноста во кредити е 60 по семестар). Освен тоа, постојат 9 изборни предмети, за да се излезе во пресрет на различните афинитети

на студентите. Иако на Факултетот за физичка култура постои можност за повеќе изборни предмети, невозможно е да се организира настава за помалку студенти и во повеќе групи (според афинитетите) заради немањето просторни услови. Речиси на сите предмети (со мали исклучоци), постои континуирано оценување со колоквиуми, семинарски работи или други задачи кои се различни на секој предмет, со што се олеснува полагањето на испитите. Процесот на воведување на додаток на диплома (Diploma supplement) е во тек.

Мора да се истакне дека на некои предметни програми, најчесто од факултативните предмети, предаваат лица чиј избор не е усогласен со актите за избор на наставничкиот кадар.

Бројот на часовите за предавања и вежби за студискита програма - физичко образование, е задоволителен. Освен тоа, студентите имаат можност посебно да навлезат во одредена проблематика и преку изработка на семинарски работи и преку консултации.

Сепак недостасуваат материјални средства за осовременување на наставата со дијагностички методи и постапки, за кои во моментов Факултетот нема можности да ги обезбеди.

На оваа студиска програма предаваат вкупно 23 наставници и 6 асистенти.

#### 4.1.2.2. Студиска програма за спорт или I циклус стручни студии за спортски тренери

На Факултетот за физичка култура, на насоката - I циклус стручни студии за спортски тренери, во моментов постојат две генерации на студенти. Генерацијата на студенти кои се запишани 2004/2005 година и кои сега се на трета и четврта година студии, и генерацијата запишана во 2009/2010 година, а кои во учебната 2010/2011 се прва и втора година. На оваа насока, по новата програма (со едносеместрални предмети) има вкупно 21 предмет, од кои 18 задолжителни и 2 изборни, а по старата програма (со двосеместрални предмети) има 48 задолжителни, 8 изборни и 8 факултативни предмети. Последното осовременување на наставните програми се случи 2009/2010 година, од кога сите предмети се едносеместрални, секако во согласност со ЕКТС. Притоа секако се водеше сметка за оптовареноста на студентите со предметните содржини (оптовареноста во кредити е 60 по семестар). Освен тоа, постојат доволно изборни предмети (по два во година), за да се излезе во пресрет на различните афинитети на студентите. Речиси на сите предмети (со мали исклучоци), постои континуирано оценување со колоквиуми, семинарски работи или други задачи, со што се олеснува полагањето на испитите.

Процесот на воведување на додаток на диплома (Diploma supplement) е во тек.

Она што е многу битно е дека голем дел од наставниот кадар на оваа насока и самите се вклучени во спортот, како тренери во спортски клубови, но и како селектори на репрезентацијата на Македонија во одредени спортови, што на оваа насока ѝ дава посебна тежина.

Мора да се истакне дека на некои предметни програми, најчесто од факултативните предмети, предаваат лица чиј избор не е усогласен со актите за избор на наставничкиот кадар.

Табела 2. Насока - I циклус стручни студии за спортски тренери

| генерација запишана во | студиска година | задолжителни предмети | изборни предмети | факултативни предмети |
|---|---|---|---|---|
| 2009/2010 год. | 1 | 9 | 2 | / |
| | 2 | 9 | / | / |
| 2004/2005 год. | 3 | 12 | 2 | 2 |
| | 4 | 12 | 2 | 2 |
| вкупно предмети | | 42 | 6 | 4 |

Бројот на часовите за предавања и вежби за студиската програма - спорт е задоволителен. Освен тоа, студентите имаат можност посебно да навлезат во одредена проблематика и преку изработка на семинарски работи и преку консултации. Освен тоа, многу често студентите од оваа насока, практичната настава ја реализираат и со непосредно учество во организирањето на тренажниот процес во спортските клубови. Студентите учествуваат и во анализите на тренинзите и на натпреварите, со што стекнуваат драгоцено искуство уште за време на студирањето.

Сепак недостасуваат материјални средства за осовременување на наставата со дијагностички методи и постапки, за кои во моментов Факултетот нема можности да ги обезбеди.

На оваа студиска програма, за еден спорт предаваат вкупно 22 наставници и 6 асистенти, но со оглед на тоа што има повеќе спортови во кои се вклучени и другите наставници, може да се каже дека речиси сите наставници и соработници предаваат и на оваа насока.

#### 4.1.2.3. Студиска програма за више образование за спорт

Оваа студиска програма почна да се реализира во 1998 година и образуваше кадри - тренери по одредена спортска дисциплина (или виши спортски тренери). Во оваа насока беа опфатени речиси истите предмети како и во насоката спорт, но во помал обем и со помалку содржини.

Студентите беа вклучени во анализата и организацијата на спортските натпревари од понизок ранг.

**4.2. Постдипломски студии**

На Факултетот континуирано, од 1991/92 година континуирано се спроведуваат последипломски студии (магистерски и специјалистички). Специјалистичките студии се реализираат со студиски програми за одделни спортски дисциплини или одделни предмети за кои постои интерес, а се работи по менториски систем. Магистерските студии се организираат врз основа на Согласност од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и од Министерството за образование и наука. Во 2000 година се подготвени нови предметни програми за магистерските и специјалистичките студии. За нив е добиена согласност од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", но не и од Министерството за образование и наука. Последната модификација на наставните програми за магистерските студии, која е во согласност со ЕКТС системот и континуираното учење е направена 2010/2011 година. За овие студии е добиено решение за акредитација на студиската програма за Универзитетски студии од II циклус (магистерски студии по кинезиологија) на Факултетот за физичка култура при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", со број 12-98/8 од 11.11.2011 год. А решението за почеток со работа на студиската програма за Универзитетски студии од II циклус (магистерски студии по кинезиологија) на Факултетот за физичка култура при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", е со број 13-847/1 и е од 1.02.2011 год.

Последната генерација на постдипломци беше реализирана во учебната 2008/2009 година, кога се запишаа 11 кандидати.

Во тек е соработка со економскиот факултет од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", а во врска со воспоставување на нова насока за II степен студии - Спортски менаџмент, на која ќе предаваат наставници од двата факултети (Факултет за физичка култура и Економски факултет). Истата е во завршна фаза и се очекува во најскоро време да се достави до Одборот за акредитација заради добивање на акредитација и решение за работа.

Факултетот за физичка култура е во фаза на преговори и со Медицинскиот факултет во Скопје, а во врска со отварање на заедничка студиска програма за Универзитетски студии од II циклус по кинезитерапија.

Факултетот во најблиска иднина мора да понуди и други насоки на постдипломски студии, на пример, за рекреација, за спортско право, за спортско новинарство, за здравје и др.

### 4.3. Докторски студии

На Факултетот во периодот 2010/2011 година е изработена и нова студиска програма за докторски студии, а која е во согласност со ЕКТС системот. За III циклус на студии (докторски студии) има одлука од Универзитетскиот сенат со број 02-533/2 од 8.07.2010 год. за усвојување на проект за воведување на студиска програма од III циклус докторски студии по кинезиологија.

И за оваа студиска програма е поднесено барање до Одборот за акредитација и се чека согласност.

## 5. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ

Просторните услови на Факултетот за физичка култура во Скопје само делумно ги задоволуваат потребите, првенствено заради тоа што ги користиме заедно со Спортската гимназија “Методиј Митевски - Брицо”. Заради тоа наставата на Факултетот се изведува во две смени. Состојбата се усложнува заради немање на термини во кои студентите ќе можат дополнително да се ангажираат и вежбаат за совладување на наставните содржини од практичниот дел на испитите. Состојбата би била полесна доколку Факултетот би работел само во една смена. Вкупната површина на предавалните на Факултетот, спортските сали, кабинетите за наставно-научниот кадар, како и на наставната дејност на Центарот е 5362 м$^2$. Површината на овој простор на еден студент не ги задоволува критериумите во однос на квалитетот на материјално-техничките услови.

Новиот деканат се обидува да го реши овој проблем, на тој начин што поднесе идеен проект и барање за реконструкција на административната зграда до Министерството за образование (Сектор за инвестиции). Во блиска иднина се очекува ова барање да се реализира или во смисол на реконструкција на постоечкиот објект или во смисол на изградба на сосема на нова зграда.

За потребите на наставата, Факултетот користи и два амфитеатри од други установи (но само за наставата на Медицински факултет) и базен. Но со оглед на тоа дека за нивното користење ФФК мора да плаќа од сопствени средства, тоа го доведува Факултетот во уште полоша финансиска положба.

Агенцијата за млади и спорт и Министерството за образование изградија нова спортска сала на Факулетот. За жал, и таа не може во целост да се користи и преку целата година за потребите на наставата, заради тоа што нема греење, па е невозможно во такви услови да се држи

настава (особено во зима). Со оглед на тешката финансиска состојба заради долгот, Факултетот не беше во состојба ова да го обезбеди од сопствени средства. Заради тоа, е поднесено барање до Агенцијата за спорт и млади, која се надеваме дека ќе најде начин што поскоро да ги обезбеди потребните средства, а се со цел новата сала да може да се употребува за наставата на ФФК, но и за организирање на Универзитетската спортска лига и во иднина.

Пред изградбата на салата, Факултетот имаше надворешно игралиште за кошарка, одбојка, ракомет, фудбал и атлетска патека, кои во текот на изградбата на салата беа уништени. Заради тоа, Факултетот за физичка култура поднесе барање до Агенцијата за спорт и млади, за повторна изградба на надворешни мултифункционални објекти, кои ќе придонесат во создавање на подобри услови за студирање.

Освен тоа, на Факултетот нема соодветен амфитеатар. Наставата се изведува во училници или кога бројот на студентите е поголем, во адаптирана фискултурна сала, кои кои често се премали за да ги соберат сите студенти. Заради тоа наставата (најчесто теоретската, кога се присутни сите студенти одеднаш), понекогаш се изведува отежнато.

И материјално- техничките услови на Факултетот не се на завидно ниво и само делумно ги задоволуваат потребите на наставно-истражувачката работа. Имено, на Факултетот секој наставник има свој комјутер, т.е. лаптоп, кои се користат во наставата. Сите комјутери се врзани во интернет мрежа и се поврзани меѓусебно во мрежа. Освен тоа, на Факултетот има 4 ЛЦД - проектори, кои исто така, се користат во наставата и неколку скенери. Сепак, мораме да истакнеме дека на Факултетот нема современи апарати и софтвери кои се користат во светот, а кои служат за подобра дијагностика на состојбата на спортистите, но и за следење на нивната спортска форма. Во таа смисла се прават напори да се обнови постоечката и да набави нова опрема за таа намена.

Заради новите критериуми предвидени во Законот за високото образование, државата треба да одобри повеќе средства за научноистражувачка работа, за да може поголем број на наставници и соработници да се вклучат во проекти и да можат да учествуваат на конгреси и симпозиуми во странство. Освен тоа, треба да се потенцира и важноста на размената на кадар (наставници и соработници) со сродни факултети во странство.

Со оглед на тоа што просториите на Факултетот за физичка култура се наоѓаат во строг центар, се случуваше многу често на паркингот на Факултетот да паркираат и станари од околните згради, но и вработени во други институции од околината. Заради тоа често пати се случуваа помали и поголеми штети на возилата. Но од оваа година Факултетот успеа да

набави врата со картички само за вработените, па е надминаата старата пракса и е невозможно други лица да го користат паркингот на Факулетот.

### 5.1. Библиотека

Во библиотеката има преку 4000 книги. Меѓутоа за жал, нивниот број е мал, но и изборот оди повеќе на книги од македонски и српски јазик, а многу малку има странски автори и многу малку современа литература. Библиотеката не е вклучена во електронски систем на размена на книги и учебници во земјата и во странство и не постои можност за нарачка на книги. Вработените не се информираат за набавката на нови книги. Во библиотеката нема компјутерски програми за наоѓање на библиотечни податоци, ниту за трансфер на библографски информации. И бројот на странски стручни списанија е незначителен. Во библиотеката нема фотокопир. Поголем дел од наставниците имаат издадено учебно помагало (книги, скрипти или практикуми), од кое студентите можат да учат и истите се застапени и во библиотеката.

Во иднина би требало да се отвори и книжарница на Факултетот, за да можат студентите кои сакаат да купат книга, тоа да го сторат на тој начин, а не со купување лично од професорот.

### 5.2. Центар за физичко образование

И Центарот за Физичко образование (кој не е правен субјект), наставата ја изведува во изнајмени објекти и за тоа Факултетот за физичка култура, како правен субјект, е должен да плаќа. Во моментов им е отстапена салата на Машинскиот факултет, во кој ја изведуваат наставата.

Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" планира во иднина Центарот за физичко образование да го модифицира во Универзитетски спортски центар. За да ја оствари таа цел, УКИМ започна со изградба на универзитетска сала, која ќе ја користи Универзитетскиот спортски центар и во кој ќе се одвиваат сите активности на УКИМ. Таму се предвидени и простории за вработените во тој центар.

### 5.3. Логистика

Службата за студентски прашања не е доволно организирана, пред се заради тоа што не е доволно современа. Имено, и покрај постоењето на 2 компјутери, сепак до сега не постоеше програма за водење на евиденцијата со база на податоци за секоја студиска програма и за сите години одделно. Но оваа состојба почна да се менува, пред се заради стапувањето во сила на законот за високо образование со кој сите факултети се обврзани да воведат електронско бележење и за наставниот и административниот кадар, но и за студентите. Од тие

причини за студентите од прва година на двете насоки, почна успешно да се имплементира системот iKnow, со кој на студентите, професорите, асистентите и студентски прашања им се овозможува увид за сите информации во врска со наставата, испитите и обврските кон Факултетот. Со тоа и службата за студенти прашања почна да се осовременува и ќе може да се води и електронска евиденција за секој студент и за секој испит одделно и за сите години. Во службата за студентски прашања има тројца вработени и со тоа потребите се целосно задоволени.

# 6. СТУДЕНТИ

## 6.1. Додипломски студии

На насоката физичко, во учебната 2010/2011 година студираат 258 студенти или 108 во прва година, во втора 61, во трета 38 и во четврта 51 студенти. Од нив, 241 се редовни, а 17 вонредни. Притоа, 138 студенти се запишани во државана квота, а 103 со самофинансирање. Од нив, 241 се редовни, а 17 вонредни.

Табела 3. Насока - академски студии за физичко и здравствено образование

| година | редовни студенти | | вонредни студенти | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | државна квота | самофинан-сирање | | |
| 1 | 51 | 45 | 12 | 108 |
| 2 | 36 | 23 | 2 | 61 |
| 3 | 24 | 13 | 1 | 38 |
| 4 | 27 | 22 | 2 | 51 |
| вкупно | 138 | 103 | 17 | 258 |

Табела 4. Насока - стручни студии за спортски тренери

| година | редовни студенти | | вонредни студенти | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | државна квота | самофинан-сирање | | |
| 1 | / | / | 25 | 25 |
| 2 | 28 | 4 | 4 | 36 |
| 3 | 23 | 8 | 8 | 39 |
| 4 | 17 | 11 | 6 | 34 |
| вкупно | 68 | 23 | 43 | 134 |

На апсолвентски стаж се 21 студент во државна квота, 45 студенти со самофинансирање и 12 вонредни студенти.

На насоката за спорт во моментов студираат 134 студенти или 25 во прва година, во втора 36, во трета 39 и во четврта 34 студенти. Од нив, 91

се редовни, а 43 вонредни. Притоа, 68 студенти се запишани во државана квота, а 66 со самофинансирање. На оваа насока во моментов има 34 студенти од оваа насока кои се на апсолвентски стаж, и тоа во државна квота, 17 со самофинансирање и 9 вонредни.

### 6.1.1. Студентска анкета

За потребите на Комисијата за самоевалуација, меѓу другото е спроведена и анонимна студентска анкета. Истата содржеше 44 прашања и е спроведена на 57 студенти од втора година.

#### 6.1.1.1. Информираност

Најголем дел од анкетираните студенти (86%) се добро информирани за тоа колку и какви насоки има на Факултетот за физичка култура. Само 7% од студентите не се информирани, и исто толку (7%) делумно се запознаени со можностите за студирање на овој факултет.

#### 6.1.1.2. Присуство на настава и работа во тек на семестарот

Најголем дел од студентите се редовно присатни на теоретската настава (86%), а 98% од нив се редовни на практичната настава по сите предмети.

#### 6.1.1.3. Мислење на студентите за предметите од студиските програми од втора година

Врз основа на добиените резултати од анкетата, можеме да кажеме дека за 56% од студентите, предавањата се интересни, а за 30% се тешки. Мнозинството од студентите можат да ги следат предавањата и да ги разберат, што веројатно меѓу другото значи дека имале доволно предзнаења од средно училиште, за да можат на Факултетот за физичка култура да ги надградат. Но за 30% од студентите предавањата се тешки. Причината за ова веројатно е постоењето на предмети од повеќе области кои имаат свои специфичности, а можеби и завршени средни училишта кои не им овозможиле доволно предзнаења. Можеби во иднина треба да се применуваат други методи и начини на презентирање на содржините кои на студентите им се потешки за разбирање и учење.

Табела 5. Мислење на студентите за предметите од студиските програми од втора година

| предметите се | интересни | тешки | неопходни | здодевни | непотребни | лесни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| процент на студенти | 56% | 30% | 7% | 5% | 2% | / |

Во рамките на можностите на Факултетот да се обезбедат средства и за дополнителна набавка на опрема и апарати со чија помош ќе може полесно да се разберат потешките содржини. Само 7% од студентите сметаат дека предметите од втора година на Факултетот за физичка култура се здодевни или непотребни.

### 6.1.1.4. Потребно време за учење

На Универзитетот „Св Кирил и Методиј" студентите просечно учат 2 до 5 часа секојдневно. На Факултетот за физичка култура 51% од студентите учат од 1 до 3 часа, што е приближно како на целиот УКИМ. И покрај тоа што за 30% од студентите предметите на Факултетот за физичка култура се тешки (табела 5), сепак само 7% од студентите учат од 3 до 5 часови дневно, а дури 42% од нив учат помалку од 1 час секој ден, што значи дека сепак наставата на Факултетот е на високо ниво, од една страна, а од друга страна, голем дел од студентите се врвни спортисти, што е причината голем дел од материјалот полесно да го совладаат.

Табела 6. Колку време поминуваат студентите во учење секојдневно?

| колку часови на ден учат? | помалку од 1 час | од 1 до 3 часови | од 3 до 5 часови | повеќе од 5 часови |
|---|---|---|---|---|
| процент на студенти | 42% | 51% | 7% | / |

На Универзитетот „Св Кирил и Методиј" на повеќе од половина од студентите просечно им требаат повеќе од 5 дена за да подготват колоквиум или тест, а на 1/3 им требаат 3 дена. На Факултетот за физичка култура на 39% од студентите им требаат од 3 до 5 денови, а на 22% од 5 до 7 денови. Само на 16% им требаат помалку од 3 дена, на 14% им требаат повеќе од 10 денови за да се подготват за колоквиум или испит.

Табела 7. Колку денови им се потребни на студентите за да подготват колоквиум

| колку денови учат? | помалку од 3 дена | од 3 до 5 денови | од 5 до 7 денови | од 7 до 10 денови | повеќе од 10 денови |
|---|---|---|---|---|---|
| процент на студенти | 16% | 39% | 22% | 9% | 14% |

На 37% од студентите на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" им требаат 15 дена за да подготват завршен испит, а на исто толку (37%) им требаат 30 дена. На Факултетот за физичка култура на 79% од студентите им требаат помалку од 15 дена за да подготват завршен испит,

а само на 21% им требаат повеќе од 15 дена. На 16% од студентите им се доволни помалку од 5 дена за оваа намена.

Табела 8. Колку денови им се потребни на студентите за подготват завршен испит

| колку денови учат? | помалку од 5 дена | од 5 до 10 денови | од 10 до 15 денови | повеќе од 15 денови |
|---|---|---|---|---|
| процент на студенти | 16% | 39% | 24% | 21% |

### 6.1.1.5. Литература

Кога станува збор за користената литература на предметите од втора година, заклучок од спроведената анкета е дека дел од студентите (64%) користат оригинални книги од професорите кои имаат учебник или од други автори, но книги или учебници, други користат фотокопии на книги или учебници (54%), трети - белешки од предавања (30%), а само мал дел користат електронска форма (10%). Мораме да потенцираме дека вкупниот процент е поголем заради тоа што еден студент може да користи повеќе форми на литература на повеќе предмети.

Табела 9. Каква литературата користат студентите од втора година на Факултетот за физичка култура

| каква литература користат | оригинални книги | фотокопии | белешки од предавања | електронска форма |
|---|---|---|---|---|
| процент на студенти | 60% | 54% | 30% | 10% |

Притоа, 39% од студентите сметаат дека литературата е разбирлива, 44% сметаат дека таа е само делумно разбирлива, а 17% мислат дека истата воопшто не е разбирлива. 61% сметаат дека таа е усогласена со предавањата, 30% сметаат дека тоа е само делумно, а 7% мислат дека воопшто не е усогласена.

Овде мораме да потенцираме една слабост на целиот систем на УКИМ во врска со литературата, за која во иднина ќе мора да се најде решение (на ниво на целиот Универзитет), кое ќе ги усогласи потребите и на студентите и на професорите. Во што е проблемот?

Имено, од една страна се студентите, кои бараат што е можно повеќе професори да имаат свои учебници, бидејќи така се предавањата и учебниците комплетно усогласени, истите се на македонски, па учењето им е полесно и побрзо. Но сите студенти, иако ги знаат предностите, сепак не сакаат да ја купат книгата на професорот, па на крајот, дел од студентите ги купува учебниците (на ниво на УКИМ само 15% од

студентите), а друг дел ги фотокопира (на ниво на УКИМ дури 73% од студентите), или дури и позајмува, сметајќи дека отакако ќе го положат испитот, книгите повеќе никогаш нема да им бидат потребни, што не е така.

Од друга страна се професорите, кои не се стимулирани да пишуваат книги или учебници, бидејќи авторските права не им се заштитени. Имено, иако фотокопирањето е забрането со закон, ништо не можат да превземат (иако постојат законски одредби кои се однесуваат на оваа проблематика).

Во врска со цената на книгите, мораме да истакнеме дека иако мал дел од цените се превисоки (и мораат да се коригираат, на предлог на матичниот факултет или на УКИМ), сепак поголем број на учебници имаат пристапна цена, која и како таква, за многу студенти не е доволно ниска. Како да не се зема предвид вложениот труд на професорот за да напише книга или учебник и тежината на напишаното, туку вредноста на книгата се пресметува како да се смета само потребната хартија, што не во ред.

### 6.1.1.6. Мислење за наставниците

Табела 10. Мислење на студентите за професорите од втора година на Факултетот за физичка култура

